**20120631793**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 5 април 2012 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКИТЕ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

Член 1

Во Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство кои се составен дел на Правилникот за за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2006, 22/2009, 58/2009, 140/2009, 44/2010, 81/2010, 154/2010, 95/2011 – пречистен текст и 29/2012), во поглавието I. ОСНОВ НА КРИТЕРИУМИТЕ по ставот 8 се додава нов став 9 кој гласи:

„За групата болести F00-F99 стандардните лабораториски наоди не се обврзувачки, односно истите се прават по проценка на специјалистот.“

Во поглавието II. СОДРЖИНА НА КРИТЕРИУМИТЕ со поднаслов Боледување над 60 дена во ставот 4 зборот „Второстепена“ се заменува со зборот „Првостепена“.

Во главата XIII - БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНО – СКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗАНОТО ТКИВО (M00-M99) со наслов Дорзопатии (M40-M54) во поднасловот Деформирачки дорзопатии (M40-M43), Спондилопатии (M45-M49) во ставот 2 по зборот „физијатар“ се додава зборот „/ невролог“ и во поднасловот „Други дорзопатии (M50-M54) во ставот 2 по зборот „неврохирург“ се додава зборот „/ невролог“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5573/9
5 април 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Јован Грповски,** с.р.